**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-32/9**

**Скопје, 19.06.2008 година**

**ДО**

**РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ - ООЗТ ИНСТИТУТИ, СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на РО Медицински факултет ООЗТ Институти, Скопје заклучно со 31.12.2006 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на РО Медицински факултет ООЗТ Институти, Скопје (во понатамошниот текст ООЗТ Институти), за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Стојмир Петров, Директор на ООЗТ Институти

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 21.01 до 03.03.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена  во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

**10.1.** ***Систем на интерни контроли***

***Процес на јавни набавки:***

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерните контроли во процесот на јавни набавки, ревизијата утврди дека ризиците недоволно се покриени со контроли кои би утврдиле точност и целосност на:

  - o планот за јавни набавки, дали истиот е во согласност со планираните и обезбедени средства со буџетот, поради извршено дополнување на истиот по барања од институтите, спротивно на утврдените извори за финансирање со ребалансот на буџетот. Извршеното проширување на планот за јавни набавки влијае на навремената и целосносната реализација на договорите и исплата на обврските.

  - o набавки од мала вредност, поради неизготвување Записник за јавно отворање на понудите,  Договор или писмена порачка со најповолниот понудувач, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки и Правилникот за набавки од мала вредност и влијае на контролата на обемот на набавките од мала вредност.

  - o исполнување на договорите по количина и цена, поради воспоставена контрола на цените, но не и на количините кај набавките евидентирани на залиха и невоспоставена котрола на количините и цените кај набавките кои не се евидентираат на залиха, со што не е можно да се утврди договорената количина и цена за сите набавки.

***Препорака:*** Да се изготват пишани процедури согласно Законот за јавни набавки и да се воспостави систем на контрола при исполнување на договорите по обврски.

***Процес на плати:***

- Врз основа на извршеното снимање на системот на интерните контроли во процесот на плати, ревизијата утврди дека и покрај воспоставените контроли при евидентирањето на присутноста постои ризик од утврдување на точноста на исплатената плата, што е спротивно на член 116 од Законот за работните односи. Не е воспоставено електронско евидентирање на присутноста на вработените за

редовно работно време и прекувремена работа, поради специфичноста на работата и физичка дисперзираност на дел од институтите, а воспоставената рачна евиденција е нецелосна и не дава доказ дека исплатените плати се однесуваат за вистински извршената работа.

***Препорака:*** Да се воведе електронско евидентирање на работното време, а до спроведување на истото да се изготват интерни пишани процедури со јасно прецизирање и поделба на надлежностите во поглед на целосноста и точноста на евиденција на работното време, прекувремените часови и пресметката на платите.

**10.2. *Неправилна примена на акти:***

10.2.1. Во 2001 година укинат е Статутот на ООЗТ Институти со укинувањето на Законот за здружен труд од страна на Уставниот суд на Република Македонија, поради неусогласеност со Уставот на РМ, Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за високото образование. Спротивно од важечката законска регулатива, а со цел да се обезбеди натамошно функционирање на Институтите, Советот на работните луѓе во 2002 година со Одлука го продолжил мандатот на органите и телата до донесување на нов статут на Медицински факултет, Скопје.

Институтите продолжуваат да функционираат како ООЗТ со сопствена сметка и извршен упис во централен регистар на РМ како РО Медицински факултет ООЗТ Институти, Скопје, спротивно на Законот за високото образование, поради не пристапување кон новата организациона поставеност од страна на Медицински факултет, Скопје со донесување на новиот Статут од 2003 година, што придонесува да функционираат два посебни субјекти, Медицинскиот факултет и ООЗТ Институти.

ООЗТ Институти применува интерни акти (Статутот, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работите и работните задачи, Правилник за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка) кои не се усогласени со постојната законска регулатива, поради нерешено статусно прашање на Медицински факултет, Скопје, а со тоа и на ООЗТ Институти. Истото влијае на донесување деловни одлуки.

Во примена е Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работите и работните задачи на ООЗТ Институти, кој не предвидува број на извршители по работни места, спротивно на Законот за извршување на буџетот и Законот за работни односи, што влијае на можноста за утврдување на потребниот број на вработени.

Иако од страна на раководството на ООЗТ Институти доставени се ургенции до повеќе институции за решавање на статусното прашање, согласно стариот Закон за високото образование, но не е добиен конкретен одговор за постапување, нерешениот статус влијае на обавување на дејноста и управување и раководење со субјектот.

***Препорака:*** Институтите да продолжат да работат во состав на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", Скопје како внатрешна организациона единица на Медицински факултет, Скопје со бришење на ООЗТ Институти од судскиот регистар, а вработените во Институтите да продолжат како вработени во Медицински факултет, Скопје најдоцна до 31.12.2008 година да го усогласи своето работење со новиот Закон за високо обаразование, донесе статут и други општи акти и изврши конституирање на органите.

10.2.2. Постои неусогласеност на утврдената сопственост на градежните објекти и земјиштето со воспоставената сметководствена евиденција на истите како сопствен имот од страна на Институтите, што е спротивно на Законот за користење и располагање на стварите на државните органи и Законот за високо образование, поради тоа што според имотните листови корисник на недвижниот имот е

Министерство за здравство, а истиот е во владение на Институтите. На овој начин Институтите располагаат со недвижен имот за извршување на дејноста без документ за сопственост.

***Препорака:*** Надлежните органи за управување и раководење на Медицински Факултет, Скопје и Владата на РМ да превземат мерки и активности за регулирање на сопственоста на имотот со кој располага ООЗТ Институти, при што да се имаат во предвид одредбите од Законот за високо обаразование (Сл.Весник бр 35/2008) и Одлуката на Влада на РМ (Сл.Весник бр 38/2007).

10.2.3. Не е назначен одговорен сметководител, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради недонесено решение за истото. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон, Законот на буџетите и Законот за извршување на буџетот на Република Македонија.

***Препорака:*** Да се донесе решение за назначување на одговорен сметководител.

10.2.4. Ценовниците за извршените здравствени услуги кои ги применуваат Институтите се утврдени од самите работни единици, каде освен цените од задолжителното здравствено осигурување се опфатени и цени од непредвидени здравствени услуги, материјални трошоци за секоја од нив, исплатата на надоместоците на вешти лица и за попусти кои се одобруваат на одредени корисници на услуги кои не се предвидени во Ценовникот на Фондот од 1992 година. Истото има влијание на реалноста и објективноста на наплатата на приходи по тој основ.

***Препорака:*** Да се изготват и верифицираат ценовници за вршење здравствени услуги во кои ќе бидат опфатени сите видови услуги, надоместоци како и повремените или трајни попусти кои се одобруваат за одреден вид корисници. За истите потребно е да се обезбеди согласност од Фондот за здравствено осигурување.

10.2.5. ООЗТ Институти поголемиот дел од вкупните приходи ги остварува по основ на давање здравствени услуги без склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување, што е спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување, поради непотпишување на предложениот договор од страна на Фондот, каде е утврден износ на надоместокот за извршените здравствени услуги како неприфатлив за ООЗТ Институти. Истото влијание на исплата на здравствените услуги од Фондот во паушален износ, кој не е еднаков со износот на фактурираните здравствени услуги.

*Ревизијата не дава препорака за наодот поради тоа што за 2007 година со Фондот е склучен Договор за пружање и плаќање на здравствени услуги, согласно член 70 од Законот за здравствено осигурување*.

### 10.3. *Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

10.3.1. Нереално и необјективно се прикажани позициите во Билансот на приходи и расходи при што не е почитувано сметководственото начело на парично искажување, спротивно на предвиденото во Законот за буџетите и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- извршено е меѓусебното затворање на побарувањата и обврските со Фондот, во вкупен износ од 2.994 илјади денари, без примена на законски пропишаните средства на платен промет, поради склучен договор за компензација кој не е прикажан како промет на сметка кај носителот на платен промет, при што се потценети и приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи.
- не е извршено признавањето на приходите и расходите за извршените приливи и одливи на парични средства во вкупен износ од 7.995 илјади денари по основ на

компензации со добавувачите, поради неправилна сметководствена евиденција што влијае на точноста на Билансот на приходите и расходите во пресметковниот период во кој настанале.

- евидентирани се расходи во вкупен износ од 1.140 илјади денари на име каматни плаќања кон домашни кредитори, други образовни услуги-специјализација, стручно усовршување, патување во странство-патни расходи, поради искажани расходи по извршени исплати во претходни години без документација. Истото има влијание за преценување на расходите во 2006 година по тој основ и законско и наменско користење на средствата.

***Препорака***: Да се превземе иницијатива при примена на законски пропишаните средства на платен промет за меѓусебното затворање на побарувањата и обврските и истите да бидат соодветно евидентирање во Билансот на приходи и расходи, со цел примена на сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

### 10.4. *Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.4.1. Во текот на 2006 година вршени се исплати на надоместок за прекувремена работа на вработените, континуирано за сите месеци во Институтите кои обавуваат здравствена дејност и Одделението за општи работи, спротивно на Законот за работни односи. Поради не утврдена потреба за обемот и периодот на извршување на прекувремената работа и без посебна евиденција за часовите, исплатени се средства кои го надминуваат законски дозволениот лимит на годишно ниво.

***Препорака:*** Да се изготви пишан акт за регулирање на прекувремена работа и обезбедување за негово донесување од надлежни органи.

10.4.2. Од ставката Основни плати и надоместоци исплатени се средства во износ од 195 илјади денари како надомест за членовите на Комисијата за јавни набавки, од средствата кои се обезбедени од уплати за тендерска документација, спротивно на Законот за јавни набавки. Истото влијае на неосновано трошење на средства за тендерска документација и ненаменско и незаконско трошење на средствата.

***Препорака:*** Да се напушти воспоставената пракса по основ на надомест на комисијата за јавни набавки.

10.4.3. Исплатата на плати е надвор од воспоставениот систем за контрола на исплатата на платите кој се применува за корисниците на средства од буџетот на РМ, надоместоците за превоз и храна се во висина повисока од предвидениот износ утврден со Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2006 година, поради исплата по Колективниот договор за здравство. Истото има влијание на зголемување на расходите по тој основ.

**Препорака:** Да се пристапи кон изготвување на акт за регулирање на овој вид надоместоци во согласност на законските прописи.

### 10.5. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

10.5.1. Ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на материјалните средства и тоа:

- Евидентирана е вредност на градежните објекти од 1963 година збирно, без разграничување по видови градежни објекти, а зградата на Институтот за Судска медицина од 2000 година е без документ за технички прием, спротивно на Законот

и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за градење, поради нерасполагање со Книга на капитален имот. Истото има влијание на целосноста и точноста на сметководствената евидинција на сегашната вредност на градежните објекти.

- Не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на опремата по извршениот попис (освен за новонабавените средства) кои содржат само натурални вредности, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, поради погрешно воспоставена пракса а кое има за влијание утврдување на имотот со кој располага субјектот.

- Евидентирана е вредност на набавените книги (стручна литература) во претходни години збирно, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што не е извршен физички попис и усогласување на истите.

***Препорака:*** Да се изврши попис на целокупниот имот (градежни објекти и други средства) и усогласување на фактичката состојба со сметководствената евиденција, како и воспоставување на точна евиденција во финансиските извештаи.

10.5.2. Постои неусогласеност помеѓу позициите Постојаните средства и Државен јавен капитал за износ од 28.236 илјади, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради пресметковен начин на книжење во минати години, отпис на застарени обврски и побарувања на терет односно во корист на Деловниот фонд и извршено прекнижување од Останат капитал на Државен-јавен капитал за состојба која произлегува од минати години. Неусогласеноста има влијание на реално искажување на билансните позиции во Билансот на состојба.

**Препорака:** Да се изврши усогласување помеѓу позициите Постојани средства и Државен јавен капитал од Билансот на состојба.

10.5.3. Во текот на 2006 година извршени се исплати по фактури од минати години во вкупен износ од 250 илјади денари, кои не се пренесени како обврски од претходни години, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради непризнавање на истите бидејќи се набавени без постапка за јавна набавка, што влијае на непредвидени исплати.

**Препорака:** Да се усвојат политики за начинот на известување на пренесените обврски.

### 10.6. *Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

10.6.1. Во текот на 2006 година искажани се расходи кои ги надминуваат планираните средства со буџетот и тоа за:

- Плати, наемнини и надоместоци за износ од 19.809 илјади денари, поради исплата за прекувремена работа над законски дозволените часови за прекувремена работа, дополнителна здравствена дејност и несоодветна евиденција на персонален данок за надоместоци на физички лица – за тестирање на лекови.

- Договорни услуги за износ од 12.905 илјади денари, поради исплата на други договорни услуги за привремени вработувања.

***Препорака:*** Да се изготви акт за организација и систематизација и истиот треба да соодетствува на функционалното извршување на дејноста.

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

10.6.2. Ревизијата утврди непочитување на Законот за јавни набавки во поглед на извршени набавки во вкупен износ од 1.857 илјади денари и тоа за сервисирање на медицински апарати, опрема, возила, градежни работи, хотелски сместување и авио билети.

***Препорака:*** Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точките 10.2 до 10.6 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на РО Медицински факултет ООЗТ Институти, Скопје на 31 декември 2006 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 до 10.6 кај РО Медицински факултет ООЗТ Институти, Скопје не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. **Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*13.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на ООЗТ Институти извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2007/8 година и пуштени се налози за прекнижување/докнижување, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои имаат ефект на зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2006 година за износ од 28.316 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење.

**Скопје, 16.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ООЗТ ИНСТИТУТИ СКОПЈЕ
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---:|---:|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 78,025 | 86,492 |
| Трансфери и донации | 171,346 | 196,105 |
| **Вкупно приходи** | **249,371** | **282,597** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 135,006 | 129,344 |
| Стоки и услуги | 101,841 | 135,221 |
| Каматни плаќања | 1,762 | 3,977 |
| **Вкупно тековни расходи** | **238,609** | **268,542** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 9,984 | 11,364 |
| **Вкупно капитални расходи** | **9,984** | **11,364** |
| **Вкупно расходи** | **248,593** | **279,906** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **778** | **2,691** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **778** | **2,691** |
| **Непокриени расходи** | **-778** | **-2,691** |

**РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ООЗТ ИНСТИТУТИ СКОПЈЕ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,204 | 762 |
| Побарувања | 248,218 | 164,748 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 314 | 287 |
| Побарувања од вработените | 0 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 345 | 311 |
| Активни временски разграничувања | 102,961 | 42,088 |
| Залихи | 1,324 | 4,102 |
| **Вкупно тековни средства** | **354,366** | **212,298** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 361 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 561 | 561 |
| Материјални средства | 191,001 | 199,468 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 32 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **191,955** | **200,029** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **36,344** | **36,844** |
| **Вкупна актива** | **582,665** | **449,171** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 114,862 | 62,515 |
| Краткорочни финансиски обврски | 190 | 190 |
| Финансиски и пресметковни односи | 12,067 | 4,451 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 215 |
| Пасивни временски разграничувања | 233,983 | 149,889 |
| **Вкупно тековни обврски** | **361,102** | **217,260** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 221,563 | 231,911 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **221,563** | **231,911** |
| **Вкупна пасива** | **582,665** | **449,171** |

**РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ООЗТ ИНСТИТУТИ СКОПЈЕ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **205,436** | **26,475** | **231,911** |
| **Зголемување по основ на:** | **42,208** | **6,141** | **48,349** |
| Набавки | 15,416 | 6,141 | **21,557** |
| Добиени средства како подарок | 444 | - | **444** |
| Извршено прекнижување од ставката Останат капитал на ставката Државен-јавен капитал, за состојба која произлегува од минати години | 25,184 | - | **25,184** |
| Отпис на стари обврски, за кои се применувал пресметковен начин на евидентирање | 1,057 | - | **1,057** |
| *Спроведени корекции во тек на ревизија* | 107 | - | **107** |
| **Намалување по основ на:** | **27,405** | **31,292** | **58,697** |
| Отпис/расход на капитални средства и материјали | 181 | 119 | **300** |
| Издадени материјали и ситен инвентар од залиха | - | 5,220 | **5,220** |
| Ситен инвентар во употреба | - | 769 | **769** |
| Отпис на стари побарувања, за кои се применувал пресметковен начин на евидентирање | 601 | - | **601** |
| Извршено прекнижување од ставката Останат капитал на ставката Државен-јавен капитал, за состојба која произлегува од минати години | - | 25,184 | **25,184** |
| Амортизација | 23,618 | - | **23,618** |
| *Спроведени корекции во тек на ревизија* | 3,005 | - | **3,005** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **220,239** | **1,324** | **221,563** |